АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 14 - 289/1
14-03 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ДО ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ**

**14.3.2024 година**

**Предмет: Препораки и насоки за подобрување, зајакнување и примена на процедури, политики и принципи при прием во осигурување и склучување на договори за осигурување на живот**

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членот 158-а став (2) од Законот за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел за заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување.

При извршување на своите надлежности изминатиот период, Агенцијата констатираше одредени слабости и нефер деловни практики поврзани со процесите на продажба и прием во осигурување, и прием, обработка и решавање на барања за надомест на осигурени суми, од страна на друштвата за осигурување, и останатите дистрибутивни канали. Ваквите практики влијаат осигурениците и останатите корисници на осигурување да не бидат во можност, во целост или делумно, да ги остварат своите права кои произлегуваат од склучените договори за осигурување.

Имено, во процесот на обработка и одлучување по барања за надомест на штета и осигурен износ, некои од друштвата за осигурување **на осигурениците им бараат докази, потврди, изјави и останати документи кои во процесот на продажба и прием во осигурување воопшто не биле посочени и побарани,** ниту на каков било друг начин наведени како суштествени факти и околности значајни за оценка на ризикот и склучување на договорот за осигурување.

Исто така некои од друштвата за осигурување, иако во процесот на продажба односно прием во осигурување и проценка на ризикот кој го преземаат во осигурување користат нивни пропишани обрасци односно обрасци кои тие ги составуваат (прашалник и понуда), кои ги користат како документ на кој осигуреникот ги пријавува околностите значајни за оцена на ризикот, пред склучување на договорот, откако ќе настане осигурениот случај и ќе примат барање

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

за надомест по тој ист договор, бараат од подносителот на барањето дополнителни документи и докази со цел да ја оспорат обврската на друштвото која произлегува од договорот, а повикувајќи се на неточна пријава или премолчување.

Во насока на отстранување на детектираните слабости а со цел зголемување на довербата на осигурениците и останатите корисници на осигурување во функционирањето на системот на осигурување, Агенцијата го укажува следното:

1. Друштвата за осигурување не **смеат да одбијат барање за надомест на штета (договорена сума на осигурување)** доколку ризикот бил превземен во осигурување, со образложение за одбивањето намерна неточна пријава или премолчување или ненамерна неточност или нецелосност на пријавата од страна на осигуреникот, за кои случаи друштвото имало право, во согласност со одредбите и роковите утврдени во членовите 964 и 965 и останатите одредби од ЗОО да побара поништување на договорот за осигурување, зголемување на премијата или раскинување на договорот за осигурување, а тоа не го сторило до денот на настанување на осигурениот случај;
2. Доколку настане осигуран случај, во фазата на обработка и одлучување по барањата за надомест на штета (договорена сума на осигурување), друштвата за осигурување може да бараат од осигуреникот/корисникот на осигурување само документи од кои може да се констатира настанатиот ризик (пример: потврда за смрт или отпусна листа, извод од матична книга на умрени, лична карта на корисникот, лична карта на осигуреникот (починатиот), решение од оставинска постапка) а не и документи и потврди за факти и околности кои се од значење за оценка на ризикот;
3. Доколку во општите или посебните услови за осигурување на друштвото за осигурување, во делот кој се однесува на прием, обработка и решавање по барања за надомест на осигурени суми, се предвидени одредби кои ги ограничуваат или исклучуваат правата на осигуреникот поради обврски кои не ги исполниле при склучување на договорот, што е спротивно на Законот за облигациони односи, друштвото за осигурување е должно **најдоцна до 30.6.2024 година** да ги ревидира и измени овие акти, и за истото (во истиот рок) да ја извести Агенцијата.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

Агенцијата посочува дека насоките дадени со овој циркулар се од задолжителен карактер за друштвата за осигурување на живот. За непостапување или непочитување на насоките дадени во овој циркулар Агенцијата ќе преземе мерки согласно закон.

Со почит,

**Претседател на Советот на експерти,**
**Крсте Шајноски**